ГРАЃАНСКА ИНИЦИЈАТИВА ЗА ОБРАЗОВНИ РЕФОРМИ
„УЧЕБНИЦИ И НАСТАВА МОРА ДА ИМА“

Предмет: Барање за доставување на информации од јавен карактер

Дата: 27.09.2021

Почитувани,

Граѓанската иницијатива „УЧЕБНИЦИ И НАСТАВА МОРА ДА ИМА“, со овластен застапнк Драгана Спасевска (во понатамошниот текст: Барателот), го доставува ова барање за доставување на информации од јавен карактер до Директорот на училиштето (во понатамошниот текст: Имателот)

Барателот ги побарува од Имателот следните информации:

1. Колку ученици се запишани во прво и четврто одделение (посебно прво, посебно четврто одделение) во учебната 2021/2022 година во вашето училиште?
2. Колку паралелки во прво и во четврто одделение (посебно прво, посебно четврто) се формирани во вашето училиште во учебната 2021/2022 година?
3. Колку дигитални уреди се дистрибурани до вашето училиште од МОН и локалната самоуправа и за која цел се наменети?
4. Колку дигитални уреди со инсталирани дигитални материјали за учење се дистрибуирани до учениците од страна на вашето училиште?
5. Колкав вкупен број (по комплет) „учебни материјали“, односно „учебници“ се доставени до вашето училиште од страна на МОН за прво и четврто одделение (посебно прво, посебно четврто одделение) и за кого истите се наменети?
6. Колку родители на ученици во четврто одделение доставиле барање за печатени учебници?
7. Каква е опремеността на училниците во кои се изведува настава за прво и четврто одделение (за секоја училница посебно)? Со каква ИК технологија се опремени (да се достави листа на инвентар), какви политики на безбедност се превземени од страна на училиштето и дали се обезбедени сите останати неопходни услови за реализација на наставниот план и програма согласно наставните програми во сите училници во кои се спроведува таква настава?

Врз основа на чл. 55, ст. 2 од Статутот на Основното училиште, каде се вели дека „училиштето е должно да обезбеди редовно, благовремено и потполно известување на барање на вработените во училиштето, родителите, учениците и сите други заинтересирани странки за работата на училиштето. Очекуваме, бараните информации од Имателот, да бидат доставени до Барателот, најдоцна до 29 Септември 2021 (Среда), во спротивно ќе ги вклучиме сите надлежни институции да извршат набљудување и истражување.

Формата во која ги Барателот ги бара информациите од Имателот:

- Електронски запис / Е-маил: obrazovni.reformi.mk@gmail.com

Ве молиме информациите да ги добиеме до 29.09.2021 (среда).

Барател / Овластен застапник
Драгана Спасевска